Марјан ДИМИТРИЈЕВСКИ

# МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА
## (состојби и правци на развој)*

Позната основна констатација, која постојано кружи меѓу круговите на светската и домашната историјографија и посебно во јавноста, е дека секогаш, победниците по завршетокот на вооружениот судир, ја пишуваат историјата на територијата, која ја освоиле. Оваа констатација како да се изедначува со веќе познатата латинска изрека "cuius regio eius religio" - "кој е владителот негова е и религијата". Прашањето сега е, кому оваа историја, која победниците ја пишуваат, му е наменета и кој, колку и како истата ја чита?

Правејќи ретроспектива на клучните историски настани од најновата историја, можеме лесно да ја воочиме примената на погорната констатација.

Така, Европа од 1918 година беше Европа на победниците од Првата светска војна од една страна, и од друга страна, Европа на победените во таа војна, задоени уште веднаш со реваншистички идеи и на крајот, тоа беше Европа на Октомвриската револуција и контрареволуција. Во оваа Европа, големите народи и нации ја кроеја судбината не само на победените, туку и судбината на малите народи и нации, ставајќи ги во улога на подкусурување во меѓусебните сметки. Од ова, веќе јасно можеа да се препознаат никулците на идната Светска војна, која сега, беше прашање на временска дистанца, кога ќе отпочне.

Набргу, оваа Втора светска војна, само по 21 година, започна со сета своја жештина и геноцидност, како ниедна друга дотогаш. Сега, Европа по1945 година, беше Европа на победниците над фашизмот, кои и покрај тоа што идеолошки се разидуваа, барем во времето на годините на војна-

---

* Предавање одржано на 24.05.1997 година во детското летувалиште "Сутјеска" - Охрид, пред советниците од Педагошкиот завод на Македонија и наставниците-ментори и водители од основните училишта. Предавањето беше во контекстот на XVII средби на младите историчари на Република Македонија и Републичкиот натпревар по историја за основни училишта.

та, своите несогласувaње ги прикриваа во интерес на заедничка антифашистичка војна. Но, по војната, Европа беше составена од два идејно спротивставени блока, кои не си дозволуваа практичен вооружен судир меѓу себе, заради нуклеарниот потенцијал кој го поседуваат, но затоа пак, својата сила и моќ ја тестираа во малите земји, како што се: Кореа, Германија, Куба, Виетнам, Авганистан и други.

И на крајот, денес ја имаме Европа, по 1989 година, по падот на источноевропскиот социјалистички систем, кој се урна без борба. Тука немаше победени ниту победници, ја имаме како идол западната демократија.

Колку оваа на почетокот искажана, би рекле изветвена констатција, денес соодветствува на современите збивања во светската и пред сѐ Балканската и најодзади македонската историографија? Сега, во ерата на новата констелација на распаѓањето на социјализмот и создавањето на новите демократски држави, пред сѐ во Европа, кога нема ниту победници ниту победени, се поставува прашањето, кој сега ќе ја пишува, а кој ќе ја чита историјата?

Факт е дека македонската историјографија е млада и е врсник на македонската држава.[1] Но, исто тека, е факт и дека истата е соочена со предизвикот на втемелување на основните постулати на македонската теорија и методологија, во поглед на општата историја. Неспорен факт е дека македонската историографска мисла, главно би рекле, и основно исходиште, најде во примената на научните достигнувања, во прв план на советската и на повоената југословенска историографија.

Таквиот научен поглед беше основа и за изучувањетона националната историја, формулирањето на македонскиот поглед и на македонската историска доктрина, во проучувањето на богатото историско наследство на македонскиот народ и на националностите, кои живеат во Македонија. Уште поголем е предизвикот на нејзината научна одбрана пред сѐ, од ограбувањето на минатото на македонскиот народ од страна на историографиите на соседните земји, но и уште поопасниот обид за ненаучно негирање и ненаучно толкување на одделни појави, процеси, личности и настани од македонската историја, од страна на историчарите, кои запливале во политичките води на одредени партии, особено на неисторичарите и на одделни политички обоени поединци.

Во барањето соодветни докази во националната историја, поединци пак, преминуваат на полето на нивното митологизирање и идеализирање, за сметка на други историски факти, кои нив недоволно или пак, воопшто

[1] Иван Катарџиев, Актуелни проблеми на македонската историографија. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја. Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Радовиш 1996, 7.

не им одговараат.[2] Потрагата по новиот-стар идентитет на новите држави и општества, направи експлозија на враќање кон историското минато, заради барање на златните периоди од националните истории, кои пак резултираат со преземањето на старите обележја, како државни и национални, менување на имињата на улиците и цели градови, менување на имињата на училишта, касарни, плоштади на градовите, парковите и друго.

Не помал бран, ја зафати и историографската јавност во критичкото преиспитување и негирање на 50 годишниот заеднички соживот во СФР Југославија. Основната теза, по однос на ова прашање гласеше, беше ли тоа нужна историска стварност или пак историска грешка? Во оваа насока, некои правци во македонската историја се радикализираа и насочија кон радикална критика на СФР Југославија и на македонското битисување во неа. Но, се чини, дека овој проблем не е така едноставен, од проста причина што "пресметката" со СФР Југославија подразбира и "пресметка" со нејзиното тогашно општествено уредување, а тоа беше самоуправниот социјализам. Познато е, дека повоена Југославија, во поглед на внатрешното уредување, како основно начело го постави правото на самоопределување до отцепување, кое што народите на Југославија го искористија при втемелувањето на нова Југославија и пренесоа дел од своите суверени права на сојузна управа. Кон надворешната политика, повоена Југославија се повика на меѓународниот, веќе признат субјективитет на Кралството Југославија и се јави во улога на континуитет на истата, но со ново внатрешно уредување.

Македонија и македонскиот народ, при првото формирање на СХС во 1918 година, односно Југославија од 1929 година, ниту на внатрешен, ниту пак на надворешен план не беше консултиран, ниту пак повикан да се изјасни, за разлика од времето, кога беа удирани темелите на втора Југославија, кога македонскиот народ на внатрешен план беше повикан да партиципира и рамноправно ја дели власта во нова Југославија. Идејата за создавање на нова Југославија, во основа, не беше негирана од македонскиот народ во поставената програма за независна Македонија, која резултираше уште во 50 години на XIX век, ја преднацртаа во 70 години и ја дефинираа, дури во почетокот на XX век, бидејќи тоа значеше нејзино делумно остварување. Практично и целосно остварување на оваа Програма, речиси и не беше можно, од едноставна причина што тоа директно зависеше од волјата на големите сили и од интересите на соседните балкански држави на Македонија.

[2] Јанко Плетерски, Националната историографија на бивша Југославија како проблем на современоста. Сто години од создавањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание. Прилози од научниот собир одржан на 21-23 октомври 1993. МАНУ, Скопје 1994, 517.

На надворешен план, работите малку поинаку се одвиваа, бидејќи СФР Југославија доминираше во комуникацијата со светот и дипломатијата, а процесот на рекогносцирање на Македонија како држава и македонскиот народ како носител на државноста во неа, одеше поспоро.

На тој начин, македонската историјографија, уште од своите први чекори, се најде пред објективни потешкотии во втемелувањето на историската фактографија, како база за сите понатамошни историографски анализи и синтези. Изминатиот 50 годишен период во македонската историјографија, се карактеризираше со постојан латентен притисок, изразен преку државно-политичката спрега за едностран третман на историското минато на македонскиот народ, форсирање на блиското историско минато и посебно на работничкото, класното, синдикалното и социјалистичко движење и особено на историјата на партијата во меѓувоениот и воениот период, без чиј што историјат, речиси и не можеше да се замисли концепцијата на било која монографија или научен труд посветен на оваа проблематика.

Што се однесува пак, до прашањето за теоретско-методолошкиот пристап на македонската историографија, таа речиси исклучиво, своите постулати ги градеше на "марксистичко-ленинистичкиот" приод, пред сè, при третирањето на општата, но и на националната историја, под која тогаш се подразбираше историјата на народите и народностите на СФР Југославија, во чии рамки спаѓаше и националната историја на македонскиот народ.[3]

Според тоа македонската историографија во својот нагорен од, имаше периоди на историски континуитет, но и дисконтинуитет, како по однос на општата, така и по однос на националната историја, [4] а пак во однос на културата, во поширока смисла и јазикот во македонското минато, имаме потполн континуитет.[5]

Како овие најнови светски и домашно историографски сознанија се интерпретираат кај нас, во најновите учебници и во наставата по историја?

Најпрво, треба да укажеме на фактот дека советодавниот примат во конципирањето на основните содржини на наставата по историја, го презедоа земјите од западната демократија. Основни носители на оваа активност станаа европските здруженија, како што е Европското здруже-

---

[3] Д-р Марјан Димитријевски, Најновите сознанија во македонската историографија за прашањето на Втората светска војна и Македонија и нивната примена во наставата по историја. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија..., 29-34.

[4] Д-р Стојан Киселиновски, Македонската историографија и историската вистинитост. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија..., 27.

[5] Д-р Блаже Ристовски, Националната компонента во нашата историографија и во воспитнообразовниот систем. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија..., 20.

ние на наставниците по историја (Euroclio), формирано 1993 година во Лиоварден, Холандија, кое има третман на невладина организација при Советот на Европа, кој ја презеде речиси сета активност околу имформирањето, насочувањето и давањето нови идеи за осовременување на наставата, наставниците и пишувањето на учебниците по историја. Во ова здружение членуваат околу 30 земји со околу 5.000 наставници по историја од цела Европа.

Втората значајна организација која се бави со истражувањето на меѓународните учебници по историја е Институтот: "Georg Eckert" во Брауншвиг, СР Германија. Овој институт има основна задача да пренесува искуства во поглед на методиката на наставата по историја.[6]

Овие две европски институции успеаја во изминатиот период, од нивното формирање до денес, да организираат поединечно или пак заеднички неколку научни трибини, конференции и синпозиуми, посветени на повеќе значајни прашања од проблемите врзани со изучувањето на историјата, пишувањето на учебниците по историја и подготвувањето на наставниците по историја, за примена на најновите достигнувања во наставата по историја. Основните препораки на Европскиот совет се: историјата да не се користи во политички и пропагандни цели, преку неа да се гради европски демократски поглед на заедништво, европско единство, проток на идеи, култури и религии, нагласување на меѓусебна соработка и градење кај учениците на критички осврт и европски поглед на минатото, сегашноста и иднината.[7]

И Македонија се прилагоди кон новите собитија, по 1989 година и во 1991 година, по иницијатива на Министерството за образование, пристапи кон формирање комисија при Педагошкиот завод на Македонија, со задача за изготвување на нови наставни програми по предметот историја за основното и средното образование.[8]

Педагошкиот завод на Македонија одржа и стручна трибина на тема: "Функцијата и примената на наставните програми и учебници по историја во основното и средното образование", кој се одржа 12.03.1995 година во Скопје.[9] При тоа, дискусијата како и општите заклучоци од неа, укажана на една состојба, која не претставува чекор напред во концепирањето на новите учебници по историја, во однос на веќе познатите, туку

[6] М-р Југослав Миноски, Иновирање на наставата по историја во земјите во транзиција. Историја, XXIX/1-2, Скопје 1993, 138.

[7] Наум Димоски, Некои суштински проблеми во наставата по историја зависни од историската наука. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија..., 127.

[8] Љубомир Трајковски, Актуелни проблеми во наставата по историја. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија..., 12.

[9] Јосиф Милчески, Актуелните состојби и проблемите во учебниците по историја во основното и средното образование. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија..., 133.

обратно.[10] Нешто слична е и констатацијата од научниот собир под наслов: "Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја", одржан во организација на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, во Радовиш на 6-8 јуни 1996 година.[11] Објавениот зборник на научни трудови од овој симпозиум, јасно укажува на взаемната корелација и зависност на науката и наставата, при презентацијата на најновите историографски достигања, како од општата, така и од националната историја.[12] Скоро сите 28 научни труда, поднесени на симпозиумот и особено, дискусијата која потоа се разви, укажуваат на потребата од поголема објективизација, од досегашното ниво, во презентацијата на македонската историографија. Заклучоците пак, од овој прв научен собир по осамостојувањето на Република Македонија, упатуваат на барањето достојно место за македонската историографија и за наставата по историја во наредниот период, во современите текови и собитија, како во самата земја, така и на просторот на Балканот, Европа и пошироко.

[10] Љубомир Трајковски, Актуелни проблеми во наставата по историја. Зборник: Актуелни проблеми во македонската историографија..., 17.

[11] Маргарита Пешевска, Видување за научниот собир "Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја" (6-8 јуни 1996, Радовиш). Гласник на ИНИ, 40/1, ИНИ, Скопје 1996, 229-230.

[12] Милан Бошкоски, Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја, Сојуз на друштвата на историчарите на Македонија, Скопје, 1996, 166. Гласник на ИНИ, 40/2, ИНИ, Скопје, 1996, 266-270.